РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-2190/1
15-06-2021

Врз основа на член 22 став 7 в.в со член 29 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), на продолжението на 49 - та седница одржана на ден 08.06.2021 година, донесе

## ОДЛУКА

Се констатира прекршување на член 29 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на службеното лице --------, градоначалник на Општина -----------.

Врз основа на член 114 став 3 од од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија на службеното лице да му издаде и достави прекршочен платен налог за повреда на член 29 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а казнив по член 103 став 1 алинеја 2 од истиот закон.

## Образложение

ДКСК достави Иницијатива за поведување постапка за утврдување на одговорност на службеното лице ---------, в.д. директор на ООУ ----------- ---------, до градоначалникот на Општина -----, ------------ на ден 03.03.2020 година под бр. 09-1372/6.

Согласно член 29 став 1 од ЗСКСИ, градоначалникот на Општина ---------, --------- беше задолжен да ја извести ДКСК повратно за донесената одлука од негова страна во рок од 60 дена, по што истиот не постапи по поднесената иницијатива и не ја извести повратно ДКСК.

На ден 08.10.2020 година под бр.09-1372/7 ДКСК достави ургенција до градоначалникот на Општина ----------, по која истиот повторно не постапи и не ја извести ДКСК повратно.

Видено од поштенските повратници, наведената иницијатива е примена на ден 04.03.2020 година, а ургенцијата е примена на ден 13.10.2021 година и се до денот на одржување на седницата, истиот не ги преземал неопходните мерки и активности.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Врз основа на член 114 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија на службеното лице да му издаде и достави прекршочен платен налог за повреда на член 29 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по 103 став 1 алинеја 2 од истиот закон.

Согласно погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

По заклучок на ДКСК:
Изработил: К.З. – раководител
Одобрил: Н.Б. – член на ДКСК